*Александар ПАВЛЕСКИ*

**УДК: 316.48:323.1]:351.86(100)**
**316.62:[316.485.26/.6:323.15(100)**
Прегледен труд

# КОНФЛИКТИ ПОРАДИ РАЗЛИЧНИ ВРЕДНОСТИ – УЛОГАТА НА ИДЕНТИТЕТОТ ВО КОНФЛИКТ

***Кратка содржина***

*Помеѓу бројните причини за конфликти во денешното безбедносно опкружување, конфликтите околу различни вредности, заземаат значајно место во безбедносната агенда. Досегашното искуство и истражувања, покажуваат дека овие конфликти иницираат поинаков, многу чувствителен начин на реагирање и на активности меѓу конфликтните страни. Како резултат на тоа, неминовно се наметнува потребата од примена на сеопфатен и внимателен пристап во нивното управување и решавање. Тргнувајќи од фактот дека системот на вредности се формира во текот на животот, како преку пошироките културни и општествени влијанија, така и преку сопственото искуство, трудот ја истражува улогата на идентитетот во конфликтите околу различни вредности. Конкретно, фокусот на истражувањето е насочен кон анализа на ситуациите, причините и начините поради кои идентитетот може да претставува причина или тригер/поттик за појава или ескалација на таканаречениот конфликт заснован на идентитет. Во овој контекст, трудот посебно ги истражува влијанието и улогата која идентитетот може да ја има во различни фази во конфликтите поради различни вредности, со посебен фокус на конфликтите со етничко-идентитетски карактеристики.*

***Клучни зборови:*** *идентитет, етничка група, закана, насилство, конфликт*

## Вовед

Наспроти фактот дека денес локалните, регионалните и меѓународните конфликти во светот, генерално се перципираат и врамуваат како конфликти за материјални интереси (стекнување ресурси, комерцијални предности и сл.), сепак емпириските анализи покажуваат дека тие најчесто ја надминуваат таквата рамка. Имено, повеќето современи конфликти, директно се поврзуваат со развојните потреби, изразени во однос на културните вредности, човековите права и безбедноста (Edward, 1990). Притоа, нивното менаџирање и решавање не е воопшто едноставен процес, поради што тие продолжуваат да егзистираат и да се спроведуваат на долг

рок, со сите достапни средства, вклучувајќи ја и можната употреба на деструктивно оружје (Azar and Cohen, 1981).

Почетоците на ваквото разбирање за конфликтите, датираат од пред 30 години, т.е. од крајот на Студената војна. Од аспект на истражувачкиот фокус на овој труд, неминовно се наметнува прашањето дали во изминатиот 30-годишен период, се случуваат одредени промени во однос на разбирањето и објаснувањето на конфликтите и во таа насока дали и денешните, актуелни конфликти ги поседуваат истите посочени карактеристики?

Анализата на безбедносното опкружување денес, покажува дека најголем дел од конфликтите се внатрешни конфликти, чии причини најчесто се поврзуваат со културните вредности, човековите права и борбата за ресурси (на пр. Сирија, Авганистан, Јемен итн.).

Карактеристично е и тоа што некои од конфликтите од минатиот век, продолжуваат да егзистираат и во XXI век (на пример, конфликтот меѓу Израел и Палестинците, конфликтот меѓу Индија и Пакистан, конфликтот во Етиопија, Јужен Судан итн.).

Исто така, денешното безбедносно опкружување го карактеризираат и бројни надворешни/меѓународни интервенции, преземени во контекст на т.н. „одржување на меѓународниот мир и безбедност", како и заради спречување ескалација на регионални кризи и конфликти. Генерално, станува збор за интервенции преземени од меѓународни организации (пред сè ООН, НАТО) и/или од разни коалиции (на пример, Коалицијата за борба против тероризмот, формирана по терористичките напади во САД во 2001 година).

Имајќи ги предвид посочените карактеристики на денешното безбедносно опкружување, произлегува дека споредено со периодот пред 30 години (крајот на Студената војна), или дури и со периодот пред 70 години (крајот на Втората светска војна), светот сè уште продолжува да се соочува со сериозни безбедносни ризици и закани. Во оваа насока, актуелните конфликти поради различните вредности (културни, верски, етнички итн.) заземаат значајно место во безбедносната агенда денес. Притоа, како резултат на нивната сложеност и на ограничените можности за нивно решавање, во теоријата за конфликти во изминатиот период беа промовирани неколку нови концепти во објаснувањето и разбирањето на овие конфликти. Конкретно, станува збор за следните концепти: долготрајни конфликти, пролонгирани конфликти, нерешливи конфликти итн.

Овие т.н. долготрајни или пролонгирани „социјални" конфликти поседуваат неколку уникатни и специфични карактеристики. Конкретно, нивниот фокус е главно насочен кон верскиот, културниот или етничкиот социјален/општествен идентитет, кој пак е директно детерминиран од прифатливото задоволување на основните потреби како што се оние за: безбедност, заедничко признавање и почитување и дистрибутивна правда.

Исто така, карактеристичен е и фактот дека во одредени ситуации, вистинските причини за конфликтот дури и да не се директно поврзани со различните (идентитетски) вредности на конфликтните страни, тие сепак можат да имаат сериозно влијание врз конфликтните динамики во различни фази на конфликт. Впрочем, во такви ситуации тие можат да бидат употребени како поттик или тригер кој ќе иницира понатамошна ескалација на конфликтот и на тој начин, дополнително ќе го отежне процесот на решавање на конфликтот.

Тргнувајќи од сето претходно посочено, вниманието во трудот е насочено кон анализа на улогата и влијанието на идентитетот во конфликтите, со конкретен фокус на конфликтите со етничко-идентитетски карактеристики, како современа безбедносна закана.

## Дефинирање на идентитетот

Во теоријата и стручната литература која се занимава со идентитетските прашања, постојат бројни дефиниции за идентитетот. Најчесто, причината за ваквата состојба произлегува од фактот што бројни автори и истражувачи применуваат различни пристапи на анализа во однос на ова прашање. На пример:

„ ... Идентитетот е концепт на луѓето за тоа кои се тие, какви се и како се однесуваат со другите ... “ (Hogg and Abrams, 1988).

„ ... Идентитетот е начин на кој поединците и групите се дефинираат себеси, но и се дефинирани од другите врз основа на раса, етничка припадност, религија, јазик и култура ...“ (Deng, 1995).

„ ... Идентитетот се однесува на начините на кои поединците и колективитетите се разликуваат во нивните општествени односи од другите поединци и колективитети ...“ (Jenkins, 1996).

„ ... Националниот идентитет ја опишува онаа состојба во која маса луѓе имаат направено идентификација со националните симболи ...“ (Bloom, 1990).

„ ... Идентитетите се релативно стабилни разбирања и очекувања за сопствената специфична улога ...“ (Wendt, 1992).

Горенаведените дефиниции упатуваат на заклучокот дека идентитетот се заснова на збир од верувања и културни вредности кои ја означуваат припадноста на поединците на одредена група и кои понатаму, укажуваат на разликите помеѓу бројните групи во локален, национален, регионален и меѓународен контекст. Во оваа смисла, Брубејкер и Купер, истакнуваат дека идентитетите добиваат значење и вредност во специфичен контекст и истите им помагаат на луѓето да разберат кои се тие како поединци, како реализатори на одредени улоги и како членови на одредени групи (Brubaker and Cooper, 2000).

Во однос на теориските аспекти на идентитетот, значајна е да се истакне и разликата помеѓу личниот идентитет и колективниот или социјалниот идентитет. Првиот, т.е. личниот идентитет се фокусира и произлегува од индивидуалните чувства на луѓето како автономни и специфични личности. Поединците имаат чувство за сопствен идентитет и за јавна претстава за себеси низ чијашто призма настојуваат да бидат ″видени“ од другите. Ваквиот пристап кој вклучува одредени особини, атрибути и вештини заедно со претставите и со себе евалуациите, ја сочинува суштината на личниот идентитет. Во оваа смисла, Хог и Абрамс, истакнуваат дека луѓето настојуваат да се претставaт себеси и да бидат ″видени“ и перципирани на начини кои се во склад со нивното чувство за себеси, т.е. за самоидентификација (Hogg and Abrams, 1988).

Во контекст на истражувачкиот фокус во овој труд, причините и ситуациите кои би можеле да ја ограничат или загрозат самоидентификацијата на луѓето, можат да се перципираат како фактори за појава на т.н. идентитетска криза, а потоа и како фактори за појава на насилство. Тоа значи дека фрустрациите од идентитетската криза, во одредени, специфични околности, можат да иницираат насилно однесување. Во однос на терминот "криза на идентитетот", Ериксон, истакнува дека станува збор за:

„ ... состојба да се биде несигурен во однос на чувствата за себе, посебно во однос на карактерот, целите и потеклото, а која најчесто се јавува во адолесцентниот период како резултат на развој во проблематични, нарушувачки и брзо променливи услови ... “ (Erikson, 1968).

Од друга страна, социјалниот идентитет се однесува на аспектите на нечија слика за себеси, а кои произлегуваат од истакнати групни членства, т.е. од членување и припадност на одредени групи. Во оваа насока, теоријата за социјален идентитет (основана од Хенри Тајфел) има за цел да ги предвиди и утврди околностите под кои поединците се перципираат себе си како поединци/индивидуи и како членови на група. Произлегува дека социјалниот идентитет го претставува чувството на личноста за тоа која е таа, т.е. за себеидентификација, врз основа на нејзиното членство во конкретна група. Несомнено е дека групите (на пр. социјална класа, семејство, етничка група, религиозна група итн.) на кои им припаѓаат луѓето, претставуваат значаен извор на гордост и самопочит. Конкретно, групите го креираат чувството на социјалниот идентитет и оттука чувството на припадност кон општествениот свет. Како резултат на тоа, врз основа на процесот на социјална категоризација (т.е. перципирање на луѓето како членови на разни социјални групи), се јавува поделбата на светот на „тие“ и „ние“. Според Анри, стереотипизацијата (т.е. "ставањето" на луѓето во групи и категории) се заснова на нормален когнитивен процес, т.е. на тенденцијата работите да се групираат заедно (Henri, 1979). Притоа, карактеристично е што фокусот на овој процес, најчесто е ставен на: 1) разликите помеѓу групите и 2) сличностите на "работите" во иста група. Ваквиот

пристап, е познат како перцепција во групата (нас) и надвор од групата (нив). Во контекст на ваквиот пристап, централната хипотеза на теоријата за социјалниот идентитет е дека членовите на конкретна група, секогаш ќе настојуваат да ги пронајдат негативните аспекти и карактеристики на другите, надворешни групи, а во насока на подобрување на претставата и на перцепцијата за сопствената група.

Според теоријата, постојат три централни психолошки процеси во тој контекст: социјална категоризација, социјална идентификација и социјална споредба. Социјалната категоризација се однесува на тенденцијата на луѓето да се перципираат себеси и другите во однос на нивната припадност кон одредени општествени/социјални категории. Социјалната идентификација, конкретно се однесува на прифаќањето на идентитетот на групата на која припаѓаат поединците. Социјална споредба е процес со кој луѓето ја одредуваат релативната вредност или општествената положба на одредена група и на нејзините членови. Тоа значи дека откако ќе се категоризираме себеси како дел од конкретна група и ќе се идентификуваме со таа група, се јавува тенденцијата за нејзино споредување со други групи. Притоа, од аспект на самодовербата, несомнено е дека групата секогаш ќе настојува од позитивен аспект да се споредува со другите групи.

Во оваа насока, потребно е да се истакне дека од аспект на теоријата за конфликти, стереотипите првенствено се гледаат и прифаќаат како фактори кои произлегуваат од конфликтни ситуации, наместо како фактори кои суштински предизвикуваат конфликти, иако тие можат да придонесат за нивно влошување. Всушност, стереотипите им штетат на двете страни во конфликтот, честопати затворајќи ги во процес во кој лажните стереотипи стануваат основа за согледување на вистинската конфликтна ситуација.

## Теориски аспекти на идентитетот и конфликтот

Како што веќе беше истакнато претходно, дефиницијата на идентитетот варира во зависност од тоа кој, зошто и на кој начин го употребува овој термин. Како и да е, во многу општествени сфери, идентитетските разлики и нивните ограничувања и непочитување се сметаат за доволна причина за појава на конфликт. Психолошките, посебно социјално-психолошките објаснувања на конфликтот, генерално се потпираат на теоријата за социјалниот идентитет, како една од примарните теориски анализи за конфликтот. Во социологијата, идентитетот се поврзува со саморазумот и самосвеста што доведува до креирање на одредени културни норми и групни идентитети. Во рамки на политиката, на идентитетот се гледа од аспект на процесот за усогласување на концептите на нацијата и на заедничките идентитети.

Во изминатиот, пред сè 30-годишен период, идентитетот се појави како доминантен концепт за разбирање и анализа на општествениот/социјален конфликт. Имено, од интерперсоналната па сé до меѓународната

сцена, како и на различните меѓунивоа од овој аспект, многу истражувања го користат токму концептот на идентитет за разбирање и објаснување на динамиките на конфликтот (Rothman and Olson, 2001).

Во овој контекст, во теоријата за конфликтите, доминираат два главни пристапи (бихевиористички и класичен), во објаснувањето и разбирањето на конфликтните динамики низ призмата на идентитетскиот концепт, т.е. низ призмата на прашањето за идентитетот. Главната разлика помеѓу нив, произлегува од фактот што бихевиористичкиот пристап е фокусиран на микро анализа, додека класичниот пристап е фокусиран на макро анализа на конфликтите. Оттука, поединецот и неговите мотивирачки фактори, претставуваат централен елемент на анализата на бихевиористичкиот пристап, додека социјалните интеракции или интеракциите помеѓу групите, го претставуваат главниот елемент за анализа во рамките на класичниот пристап.

Во рамките на микро теориите за конфликтите, една од најважните претпоставки на бихевиористите е дека длабоките корени за конфликтот и војната, треба да се бараат во човековата природа и однесување. Во таа смисла, централната претпоставка е дека секоја акција стимулира соодветна реакција, па оттука бихевиористите настојуваат да утврдат кога биолошките и психолошките карактеристики можат да претставуваат фактор за појава на агресија и конфликт.

Во овој контекст, основната претпоставка на теорија за фрустрација–агресија е дека агресијата (индивидуална или колективна), претставува резултат на фрустрации кои произлегуваат како резултат на неостварените индивидуални или колективни потреби и цели. Теоријата за основните човекови потреби во оваа насока ја застапува тезата дека основните човекови потреби поттикнуваат конфликт во ситуација кога истите не се исполнети. Луѓето имаат суштински потреби кои се универзални и за кои не може да се преговара, како што се потребите за: храна, вода, дом, личен развој, безбедност, почитување, идентитет и сл. Неисполнувањето на овие потреби, создава фрустрација која во следна фаза може да иницира агресија. Всушност, во ситуација кога негирањето на човековите потреби е во коренот на конфликтите, традиционалните методи за решавање на конфликти, најчесто не успеваат да го продуцираат посакуваниот резултат, т.е. да го разрешат конфликтот.

Од друга страна, теоријата за социјално учење смета дека агресијата не е вродена или инстинктивна, туку дека се учи во процесот на социјализација. Тоа значи дека истата произлегува од општествените интеракции помеѓу поединците или помеѓу различните општествени групи, кои всушност овозможуваат нејзино насочување кон „непријателот".

Теоријата за социјален идентитет, како значаен го истканува процесот којшто ја лоцира индивидуата во групата, но истовремено ја лоцира и групата во индивидуата. Според Тајфел, социјалниот идентитет се базира на оној аспект од самоидентификацијата кој се јавува како резултат на

членството во групи (Tajfel, 1981). Оттука, следува дека социјалните идентитети се креираат за да се поедноставаат надворешните релации на индивидуата. Како резултат на тоа, индивидуата е опкружена со мноштво општествени идентитети, вклучувајќи го и етничкиот идентитет, кој има сериозно и значајно влијание врз меѓугрупните односи и релации.

Конкретно, оваа теорија се обидува да го разбере меѓугрупното однесување преку истражување на тоа како луѓето ги користат социјалните категории за да го разберат светот околу нив (Oakes, 2002). Во тој контекст, теоријата за социјален идентитет тврди дека во одредени контексти и опкружувања, тенденцијата и стремежот за позитивна идентификација на конкретна група во однос на другите, поттикнува појава и развој на меѓугрупен конфликт. Имено, поединците имаат потреба за развој и за поседување на позитивна слика за себеси и оттука, настојуваат нивните групи да бидат идентификувани и перципирани во суперлатив во споредба со другите групи. Сепак, процесите на социјално споредување кои водат до т.н. „ниска позиција" за сопствената група и/или до негативна перцепција за себеси како член на конкретната група, можат да иницираат преземање на разни стратегии (вклучително и насилни) за подобрување на вредноста на сопствената група.

Во рамки на макротеориите, концептот на моќ или сила (политичка, економска, воена, културна и сл.), претставува централен концепт за толкување на конфликтот. Всушност, според макротеориите, конфликтот е резултат на конкуренцијата помеѓу групите во остварувањето на моќта и во зголемувањето на ресурсите.

Во таа насока, според теоријата на непријателство, идентификацијата со етничка или со национална група, го одредува однесувањето на луѓето во групата и кон останатите групи. Всушност, нивната перцепција за себе си и за сопствената група, како и нивната перцепција за другите групи, помага да се утврди дали нивната врска ќе се заснова на соработка, конкуренција или на конфликт. Притоа, значајно влијание во оваа ситуација, може да има и природата на историските односи помеѓу групите.

Во рамките на оваа теорија, развиени се неколку значајни концепти за разбирање на современите конфликти. Еден од нив е концептот на идентитет. Според овој концепт, луѓето се идентификуваат како поединци и како членови на групи од поединци. Некои од овие групи се определени со самото раѓање (раса или пол), додека други се определуваат преку општествените интеракции. При ваквиот процес, со самоидентификацијата најчесто се припишуваат добрите страни и особини, додека лошите особини им се припишуваат на другите групи. Ваквиот процес во различни општествени контексти може да претставува солидна основа за појава на конфликт или пак, да иницира ескалација на веќе постоечки конфликт.

Теоријата на етно национализам ја истражува идентификацијата на поединецот со неговата етничка или национална група и начинот на кој таа идентификација може да влијае врз динамиката на конфликтот. Ка-

рактеристично за ваквата идентификација е тоа што често иницира силни и моќни емоции. Во овој контекст, етничкиот идентитет се толкува како проширен сроден идентитет кој дава чувство на пошироко семејство коешто пак придонесува за зајакнување на чувството за припадност. Притоа, карактеристично е тоа што самата организација во етничките групи ја фаворизира конкуренцијата, т.е. натпреварот помеѓу нив. Според теоријата, проблемот настанува кога во т.н. конкурентски натпревар, групите ќе почувствуваат дека нивниот опстанок е во опасност. Во такви ситуации, групите почнуваат да користат различни алатки и инструменти (вклучувајќи и воени) за да го заштитат сопствениот идентитет. Ситуацијата може да стане уште посложена ако етнонационалната група (како резултат на претходна историска траума) нема капацитет да сочувствува со страдањата на другата група или ако не прифати одговорност за жртвите кои се резултат на нејзиното дејствување.

Сличен со теоријата на етнонационализам е и концептот на т.н. "избрана траума", кој се смета како групен феномен. Според овој концепт, се избира одредена состојба која предизвикува силни чувства на групна виктимизација со цел да се оправдаат одредени акти на насилство. Во таа насока, вообичаена практика е и одредени терористички групи да се именуваат по одредени настани и моменти кои имаат значење на избрана траума за одредена идентитетска група.

**Улогата на идентитетот во конфликт**

Во текот на изминатите 30 години, прашањето за идентитетот, како и неговата сложена релација со безбедноста, станува една од централните карактеристики на трансформацијата на безбедносниот концепт. Новите глобални процеси по крајот на Студената војна, придружени со идеолошка и територијална трансформација на многу земји, меѓу другото создадоа и солидна заднина за појава на идентитетски кризи, како во индивидуалната, така и во колективна смисла. Всушност, транснационалните процеси на т.н. "компресија" и обединување, во многу случаи истовремено придружени и со процеси на фрагментација, имаа силно влијание врз изградбата на нови и ново-стари индивидуални, локални, регионални и етнички идентитети. Карактеристично е што ваквите, често болни и чувствителни процеси, најчесто се проследени со кризи и конфликти, како и со обременети јавни дискурси со нетолеранција и со т.н. ексклузивитет во однос на "другиот".

Наспроти тоа, дури и во ситуации кога конфликтните причини и прашања не се од идентитетски карактер, сепак идентитетот може да има значајна улога во различни фази од конфликтот, посебно кога судирот е помеѓу различни етнички групи. Имено, додавањето на индентитетското прашање во конфликт помеѓу две или повеќе етно-политички групи кои меѓусебно спорат или се во конфликт поради материјални ресурси (како

територија, вода и сл.), директно ќе иницира ескалација на конкретниот конфликт.

Идентитетот се перпципира и се сфаќа како основен адаптивен инструмент за групите и за поединците, вкоренет во неопходноста за опстојување и зачувување на препознатливоста на нивните специфични карактеристики. Оттука, многу етно-политички конфликти се именуваат како идентитетски конфликти, бидејќи најчесто во нивната суштина се прашањата за почитување, признавање или понижување. Во овој контекст, токму идентитетот ја креира комплексноста и основата за нерешливоста на конфликтот, истовремено мобилизирајќи ги и психолошките фактори како последици на конфликтот. На пример, Израелците и Палестинците, "потопени" се во идентитетски конфликт, во кој секоја од страните се чувствува непочитувано, дури до степен на меѓусебно негирање на религискиот легитимитет и идентитет.

Тргнувајќи од фактот дека една од основните функции на државата е обезбедување на внатрешниот поредок и безбедноста, произлегува дека евентуалната анархија како резултат на слабеењето на државата, директно ќе ја поткопа способноста на државата за безбедносни гаранции врз својата територија. Несомнено е дека евентуалното слабеење на државните институционални структури, ќе создаде несигурност кај ранливите етнички групи од причина што кога централната власт слабее, групите се соочуваат со страв за нивниот опстанок. Во такви услови, секоја етничка група ќе настојува самата да ја обезбеди неопходната сопствена заштита, посебно во однос на другите групи. Всушност, доминантниот став за секоја етничка група во ваква ситуација е дека ако "мојата" група не ја освои државата, друга група ќе го направи тоа, ставајќи ги останатите групи во подредена положба.

Во однос на конфликтот заснован на идентитет, Ротман, истакнува дека тие се: длабоко вкоренети во основните човекови потреби и вредности, кои заедно ги сочинуваат социјалните идентитети на луѓето, посебно во контекст на групните/социјалните припадности, лојалности и солидарност (Rothman, 1997). Оттука, ограничувањето или загрозувањето на основните човечки потреби, интереси и вредности, продуцира фрустрации, како и закани и ризици за социјалните идентитети, што во крајна линија води кон појава на идентитетски конфликти. Во оваа насока, Фишер, исто така истакнува дека фрустрацијата од незадоволените основни потреби и интереси заедно со негирањето на човековите права, иницира појава на социјални конфликти (Fisher, 1997).

Во однос на меѓусебните релации помеѓу идентитетот и различните групни интереси и вредности, моделот на Коростелина за динамиката на идентитетските конфликти, препознава четири основни фази: споредба, натпревар, конфронтација и директен одговор или контра-акција (Korostelina, 2007).

Во рамките на првата фаза, т.е. во споредбата, се тргнува од фактот дека луѓето во интерактивни заедници имаат повеќекратни идентитети кои се карактеризираат со различни форми, типови и нивоа на манифестација и истакнатост. Притоа, како значајно се посочува дека дури и во мирни и кооперативни заедници, членовите на групите можат да имаат одредени негативни перцепции за членовите на другите групи, какви што се понижувачките стереотипи, потценувачкиот однос кон нивната култура или припишувањето на нивно неприфатливо однесување. Повеќе фактори можат да влијаат врз таквата неповолна перцепција за другите, т.н. надворешни групи.

Од историски аспект, доколку историјата на односите помеѓу групите во конкретна заедница е обременета со насилство, конфликти и војни, тоа може да иницира меѓусебна негативна перцепција помеѓу групите, бидејќи поголема е веројатноста токму идентитетите на групите да бидат повеќе истакнати и мобилизирани, наспроти другите социјални индетитети во рамките на идентитетскиот систем. Асиметричниот статус, исто така претставува еден од факторите кои иницираат и водат кон негативна перцепција и споредување со другите групи. Во општествата со економска и политичка нееднаквост, малцинските групи и групите со низок статус, доживуваат посилно колективно чувство за себе и поголема хомогеност во групата. Во овој контекст, пристрасноста во групата е посилна кај општествените малцински групи кои немаат пристап до власта и кои се дискриминирани од мнозинската група на власт. Сепак, одредени негативни перцепции за другите групи, возможни се дури и во ситуација на економска и социјална еднаквост, при што релативната перцепција за статусот на сопствената и за надворешните групи може да иницира потценување на економската и социјалната положба на сопствената група, што ќе овозможи развој на негативни ставови за статусот на другата група. Како резултат на релативната ограниченост, членовите на обесправените групи согледуваат поголема дискриминација на ниво на групниот идентитет, отколку на ниво на личниот идентитет.

Во контекст на втората фаза, т.е. конкуренцијата, несомнено е дека конфликтот поради интереси, вообичаено се јавува помеѓу две или повеќе групи кои споделуваат или имаат намери да споделуваат ресурси или моќ. Таквиот конфликт, може да вклучува прашања за користење или контрола врз земја, вода, пристап до имот или ресурси, споредување на моќ или на политичко влијание. Вообичаено, ваквите конфликти се случуваат помеѓу групи кои егзистираат на заедничка територија или во конкретна заедница, но кои често имаат различен статус изразен преку: малцинство и мнозинство, поволна и неповолна положба и сл. Кога конкуренцијата од една од групите ќе биде сфатена или доживеана како закана за нејзините интереси, тоа ќе иницира јакнење на негативната перцепција и ќе влијае врз доделувањето и припишувањето на разни стереотипи, како: агресивност, гнев и антагонизам. Уште повеќе, во конкурентска ситуација и односи

помеѓу групите, факторите како: невистинити информации, веродостојни обврски или безбедносната дилема, можат да ги преобликуваат социјалните идентитети и да предизвикаат идентитетски конфликт (Lake & Rotchild, 1998). Всушност, главната дилема која се појавува кај луѓето во вакви ситуации, претставува резултат на нивната перцепција за несигурност, меѓусебно сомневање и страв во однос на намерите на другите кон нив.

Во однос на конфронтацијата, значајно е да се истакне дека конфликтот поради различни интереси и вредности, најчесто води кон поларизација на заедницата и кон процес на зголемување на важноста на еден социјален идентитет, кој најдобро ги опишува противничките групи, се користел во претходни конфликтни ситуации или пак кој е поочигледен и поприфатлив за луѓето. Лидерите на групите кои меѓусебно се борат за моќ и за ресурси, честопати се повикуваат и користат конкретен социјален идентитет за мобилизирање на членовите на сопствената група. Притоа, карактеристично е и тоа што лидерите честопати ги претставуваат сопствените економски и политички интереси како внатре групни интереси на сопствените групи. Во таа насока, социјалниот идентитет се употребува како инструмент за зголемување на групната лојалност и на подготвеноста за борба во контекст на групните интереси и вредности. Честопати, во рамките на ваквиот пристап за зголемување на важноста на индетитетот, лидерите како инструмент избираат да ги користат и колективните трауми или одредени значајни историски настани за конкретната група (Volkan, 1997). Генерално, станува збор за вистински настани од историјата на групата, но кои не секогаш имаат вистинско историско значење. Како такви, тие најчесто се избираат поради актуелната состојба во односите со другите групи, при што низ призмата на овие настани се толкува лошиот економски или малцински статус на конкретната група.

Во однос на директниот одговор или на т.н. контра акција, несомнено е дека откако општеството ќе се подели на антагонистички групи, социјалните идентитети стануваат причина за конфронтации помеѓу групите, кои не се натпреваруваат само за обезбедување материјални придобивки, туку и за заштита на нивната безбедност, верувања и вредности. Вообичаено, ваквите идентитети креираат перцепција на светот низ призмата на позитивни "ние" и негативни "тие". Во таква ситуација, луѓето почнуваат да веруваат дека нивна морална и суштинска обврска е уништувањето на "лошите" други. Како резултат на тоа, борбата со другата, надворешна група, станува цел и услов за индивидуалното и внатре групното преживување (Korostelina, 2009).

Посочениот модел на конфликт заснован на идентитетот, ја претставува сложената улога која идентитетот може да ја има во конфликтите и нуди солидна основа за систематска и подлабока анализа на обременетите конфликтни динамики со економски, политички, социјални и психолошки фактори. Всушност, од сето претходно презентирано, несомнено е дека разбирањето на улогата на идентитетот во конфликтот, мора да се засно-

ва на сеопфатен пристап кој ќе ги земе предвид различните влијанија кои идентитетот ги има во различните фази на конфликтот.

**Заклучок**

Социјалните идентитети или силните чувства за членство и припадност кон одредена група (етничка, национална, религиозна) постојат со векови, но само во одредени временски периоди истите резултирале во конфликт. Конкретно, идентитетот се појавува како причина за конфликт само во ситуација на негово силно ограничување и негирање. Од друга страна, многу поприсутна е неговата улога како фактор кој ги менува динамиките на веќе постоечки конфликт. Следствено, самите социјални идентитети не се појавуваат како резултат на конфликт помеѓу групите, туку истите поседуваат потенцијал да станат поистакнати и мобилизирани во конфликтни ситуации. Всушност, социјалните идентитети сами по себе никогаш не предизвикуваат или иницираат конфликт и затоа не треба да се перципираат ниту како извори, ниту како последици на конфликтот, туку како форма на свест дека идентитетот ја менува динамиката и структурата на конфликтот. Всушност, штом социјалниот идентитет ќе се вклучи во конфликт заснован на различни интереси и вредности, истиот ја менува природата на конфликтот на повеќе начини, правејќи го конфликтот долготраен, длабоко вкоренет и тешко решлив.

Токму посочениот модел на Коростелина за конфликт заснован на идентитет, ја илустрира сложената улога која идентитетот може да ја има во конфликтите и истиот нуди солидна основа за систематска и подлабока анализа на обременетите конфликтни динамики со економски, политички, социјални и психолошки фактори. Од сето претходно презентирано, произлегува дека разбирањето на улогата на идентитетот во конфликтот, мора да се заснова на сеопфатен пристап кој ќе ги земе предвид различните влијанија кои идентитетот ги има во различните фази на конфликтот.

**Литература:**


Azar, E. (1990). The Management of Protracted Social Conflict. Aldershot, UK: Dartmount Publishing.

Azar, E. (2015): The Management of Protracted Social Conflict. The Contemporary Conflict Resolution Reader. Cambridge: Polity Press.

Black, P.W. (2003) Identities, in S. Cheldelin, D. Druckman and L.Fast (eds.) Conflict: From analysis to Intervention. New York: Continium.

Brewer, M. B. (2001). 'The many faces of social identity: implications for political psychology'. Political Psychology, Vol.22.

Brown, M. (1993) Causes and Implications of Ethnic Conflict. In Ethnic Conflict and International Security. Princeton University Press.

Brown, M. (1996) The International Dimensions of Internal Conflict. Cambridge, Mass: MIT Press.

Brubaker, R., Cooper, F. (2000) 'Beyond identity', Theory and Society, 29: 1-47.

Burton, J.W. (1990). Conflict: Resolution and Prevention. New York: St. Martin's Press.

Collins, A. (1997). The security Dilemma and the End of the Cold War. Edinburgh: Keele University Press.

Erikson, E. H. (1968). Identity: Youth and Crisis. New York: Norton.

Gurr, T., Harff, B. (1994). Ethnic Conflict in World Politics, 2nd edn. Boulder, CO: Westview Press.

Henri, T. (1979). 'Individuals and Groups in Social Psychology'. British Journal of Social and Clinical Psychology, Vol.18, Issue 2.

Hogg, M.A., Abrams, D. (1988). Social Identifications: A Social Psychology of Intergroup Relations and Group Processes, London: Routledge.

Korostelina, K. V. (2007). Social Identity and Conflict: Structure, Dynamic and Implications. New York: Palgrave Macmillan.

Korostelina, K. V. (2009). Identity Conflicts: Models of Dynamics and Early Warning. Handbook of Conflict Analysis and Resolution. Routledge. New York.

Lake, D., Rothchild, D. (1998). The International Spread of Ethnic Conflict: Fear, Diffusion, and Escalation. Princeton: Princeton University Press.

Rothman, J. (1997). Resolving Identity-Based Conflict in Nations, Organizations, and Communities. San Francisco: Jossey-Bass.

Sislin, J., Pearson, F. (2001). Arms and Ethnic Conflict. Rowman & Littlefield Publishers. Oxford.

Stephen, V. E. (1994). 'Hypotheses on Nationalism and War'. International Security, Vol.18, No.4. The MIT Press.

Tajfel, H. (1981). Social stereotypes and social groups. In J.C. Turner and H. Giles (eds.) Intergroup Behavior. Oxford: Basil Blackwell.

Volkan, V. D. (1997). Bloodlines: From Ethnic Pride to Ethnic Terrorism. New York: Farrar Straus Giroux.

Weinreich, P., Saunderson, W. (2003). Analyzing identity: Cross-cultural, societal and clinical contexts. London, UK: Routledge.